## Значењето на имињата (1)

Родена сум од Светлина во Мир
од мајка Светлана и татко Мирче
ако се земат првите три букви
од нивните имиња се создава Свемир.
Родена сум од Свемир
и во тој Свет Мир еден ден ќе се вратам.

# Значењето на имињата (2)

Ако навлезам подлабоко
во значењето на имињата
лесно си ја разбирам суштината.

Сето тоа ми е наследено
од прабаба ми Каменка цврстината,
од прабаба ми Добрица добрината.

Затоа сум ваква каква што сум,
даросана.

# Грабеж

Ме ограби.
Ми ги испразни џебовите.
Ми го одзеде романтизмот, трпението
и сета детска безгрижност.

Но за да не останам без ништо
ми остави блага иронија
и хардкор-цинизам.

Познат е идентитетот на ограбувачот.
Неговото име е Живот.